## За повеќе информации:

Проектен лидер на Земјата-членка
Марио Монтанари
Регион Емилија Ромања
Генерален директорат за земјоделство и економија на рибарство, дивина и управување со лов
Тел: +39 051 5274684
e-mail: mmontanari@regione.emilia-romagna.it

Проектен лидер на Земјата-корисник
Маја Лазареска
Сектор за Европска унија, МЗШВ
ул. Аминта Трети, 2 1000 Скопје
Тел: +389 2 134 477
e-mail: maja.lazareska@mzsv.gov.mk

Постојан Твининг Советник
Лука Гангери
при МЗШВ
ул. Аминта Трети, 2 1000 Скопје
Тел: +38971997141; +39 3357296459
e-mail: l.gangheri@mpaaf.gov.it

Одговорно лице за работа со
Постојаниот Твининг Советник од Земјата- корисник
Билјана Талеска
Сектор за маркетинг и квалитет
на земјоделски производи, МЗШВ
ул. Аминта Трети, 2 1000 Скопје
Тел: +389 2 134 477
e-mail: biljana.taleska@mzsv.gov.mk

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на твининг партнерите и на никаков начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.

ТВИНИНГ ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО И ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ



Проектот е финансиран од Европската Унија
MINISTERO DELLE POLITICHE AGRICOLE ALIMENTARI E FORESTALI
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## Вовед

Во делот на органското земјоделско производство и заштитата на квалитетот на земјоделските производи, Земјата-корисник ја воспостави основната институционална структура и ги усвои клучното законодавство и стратешки мерки, со цел да ја зголеми додадената вредност на локалните земјоделски производи и органското земјоделско производство.

Главната цел на Твининг проектот финансиран од Европската унија и насловен „Органско земјоделско производство и заштита на квалитетот на земјоделските производи" е да се зајакнат административните капацитети во земјоделството и за спроведување на политиката за рурален развој.

Со имплементација на проектот ќе се подобри функционирањето на секторите за Органско земјоделство и Заштита на квалитетот, ќе се олесни пристапот на земјата во Европската унија и ќе се зајакне улогата на земјата на глобалниот пазар во однос на конкурентноста.

## Целна група

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)
- Агенција за храна и ветеринарство
- Државен инспекторат за земјоделсто

## Области на делување

- Главната цел на твининг проектот во областа на Заштита на квалитетот на земјоделските производи е да воспостави систем за квалитет на производството и да се поттикне разновидноста на земјоделските и прехранбените производи.
- Во областа на Органското производство целта е да се формираат стручни надлежни органи за спроведување и дополнителен развој на законодавството и соодветна институционална структура за размена на информации, контрола, сертифицирање на органските земјоделски производи, надзор над контролните тела и водење на функционален Регистар на органско производство. Исто така, да се овозможи стручна наобразба на човечките ресурси во рамките на Државната фитосанитарна лабораторија, кои ќе ги изведуваат потребните тестирања поврзани со органското производство.

**Институции:**

- Институт за акредитација (ИАРМ)
- Контролни органи
- Институт за земјоделство
- Национален Сојуз на здруженијата на производители на органска храна
- Здруженија на производители/обработувачи на храна
- Факултети за земјоделство
- Невладини организации

## Очекувани резултати

- ✓ Зајакнати човечки ресурси во смисла на стручна наобразба и формиран систем на управување со цел примена на законодавството и политиката на управување;
- ✓ Усвоени процедури за системи на квалитет и планови за контрола, механизми за управување со европските системи за квалитет и институционалните процедури за регистрирање на производите на Земјата – корисник;
- ✓ Дефиниран систем за надзор над приватните контролни тела и процедурите за заштита на производите од било каква директна или индиректна комерцијална употреба на регистрираниот назив;
- ✓ Формирана база на податоци за производи со географски назив и традиционални специјалитети;
- ✓ Креирање насоки и списоци за проверка на означувањето на органските производи на пазарот согласно регулативите на Европската унија и донесување процедури за анализа на органските земјоделски производи со цел да се испита присуството на забранети пестициди;
- ✓ Предлог за формирање на национална база на податоци за операторите (производители, преработувачи, трговци, итн.) и регистар на органско семе и саден материјал.